06.05.2014, 17:36

# ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА ВО ФОТОГРАФИИТЕ НА БРАЌАТА МАНАКИ



**Во МАНУ е отворена изложба на која се претставени 51 фотографија направени со скенирање и обработка на стаклени плочи**

**Катерина Богоева**





„Фотографското творештво на браќата Манаки во контекст на Првата светска војна“ е насловот на изложбата отворена во галеријата на Македонската

ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ
- СО ЕСКЛУЗИВЕН КОНЦЕРТ ВЕЧЕРВА ЌЕ БИДЕ ОТВОРЕНА НОВАТА МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА
- ВОЗЕТЕ ВНИМАТЕЛНО- НАМЕСТА ПАТИШТАТА ВЛАЖНИ И СО ОДРОНИ
- ДРАМА НА ФИЛМСКИОТ ФЕСТИВАЛ ВО КАН: ОПАСНОСТ ОД БОМБА!
- ГОРЧЕСКА СЕ ПОДГОТОВУВА ЗА РОЛАН ГАРОС
- СЕАТ КОЧАН ОСТАНУВА ДА СЕ БРАНИ ОД СЛОБОДА

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

21° СКОПЈЕ ВРЕМЕ
Облачно

| ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ | ПЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 22 | 23 | 20 | 20 | 20 |
| САБ | НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ |
| 20 | 22 | 22 | 25 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ
- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома
- Уставниот суд се премисли и ја симна забраната за барок на ГТЦ и МОБ
- Кривични пријави за прилепскиот градоначалник Марјан Ристески и екс министерот Диме Спасов

академија на науките и уметностите завчера попладне по повод 70. јубилеен конгрес на Меѓународната асоцијација на кинотеки и филмски архиви (ФИАФ), кој во Скопје ќе се одржува до 10 мај.

Автор на изложбата, на која се претставени 51 фотографија направени со скенирање и обработка на стаклени плочи сочувани во одделението на Државниот архив на Македонија во Битола, е фотографот Роберт Јанкулоски, директор на Македонски центар за фотографија. На неа е претставено дел од богатото творештво на браќата Милтон и Јанаки Манаки, уникатно по своите документаристички и уметнички вредности, а изложбата ја отвори, претседателот на МАНУ, академик Владо Камбовски. Тој посочи дека годинава се навршуваат 100 години од почетокот на Првата светска војна, која како што рече, претставуваше предворје на уште пострашните крвопролевања и злосторства против човечноста во Втората светска војна. „Од нив останаа бројни запишани и на друг начин регистрирани документи и сеќавања, кои ја формираат нашата денешна колективна меморија и ја притискаат совеста на современото човештво. Но неспорно е дека ништо толку автентично и живо не ги претставува нивните страводии, како фотографиите и филмуваните материјали. Тие претставуваат најавтентични документи, кои непосредно не' соочуваат, непогрешливо и најречовито, со човечките судбини и страдања во времињата кога човечкото битие било деградирано на рамништето на жртва принесена за да се задоволи крвожедноста на боговите на војната. Затоа, се прашуваме, за колку такви трагични, но исклучително важни за современата цивилизација сведоштва ќе бевме посиромашни, ако не постоеше огромното фотографско дело на Милтон и Јанаќи Манаки, славните први сниматели на Балканот? Тие се одамна признати и познати во светската кинематографија како предани и веродостојни сведоци на своето време, но и како луѓе кои го антиципирале и нашето време, кое се одвива како на филмска лента на која се измешани минатото и сегашноста, а фотографијата и филмот станале живот, а животот филм и видео запис“, рече меѓудругото академик Камбовски, пред присутната публика и дел од учесниците на Конгресот на ФИАФ, кои со големо внимание ги разгледуваа изложените фотографии снимени во 1913, 1915, 1916, 1917, 1919 , во 1925/30, 1935 година. Фотографии со портрети на француски, бугарски војници, германски, бугарски, италијански групи војници, на група болничари, на бугарски офицери на коњи, на група српски војници граничари, фотографии од бомбардирањето на Битола, од посета на воената гробница на Кајмакчалан, од опевање на гробот на непознати руски војници во с. Кременица и др. Презентирани се и фотографии од бомбардирањето на Битола, а првпат и дел од фотографиите од разурнатото ателје на Браќата Манаки, од нивната куќа по бомбардирањето во 1916 /17 година.

Браќата Манаки ја задолжиле светската кинематографија со огромно фотографско и филмско наследство, кое опфаќа 18.515 негативи, од кои 7.115 стаклени плочи и 10.952 оригинални фотографии, изработени во нивната фотолабораторија под името „Браќа Манаки - Ателје за уметничка фотографија“ во Битола.

„Првата светска војна во Македонија, а особено во Битола, може да кажеме дека траеше многу подолго отколку во другите делови на светот. Тоа е затоа што Првата и Втората балканска војна претставуваа увертира на Големата војна и направија големи штети, притоа однесувајќи голем број човечки животи. Во 1916 и 1917 година Битола била гранатирана со преку 13 000 разурнувачки, запалливи и отровни проектили, при што загинале 508 лица, главно деца, жени и старци, а биле целосно или делумно разурнати над 3 000 згради меѓу кои и фотографското ателје на Манаки. Последиците од војната како што се сиромаштијата, болестите, гладот, Битола најмногу ги почувствувала во 1922 година. Имено на 18 април 1922 година во Битола се случила голема експлозија предизвикана од околу 500 вагони полни со муниција останата од војната која се чувала во близина на железничката станица. Многу згради биле разурнати, а пожарот предизвикан од експлозијата неколку дена не можеле да го изгаснат. Сите овие настани браќата Манаки ги забележале со нивните фотографски камери. Од овој период (1913-1919) сочувани се 478 стаклени плочи снимени во Битола и 103 плочи снимени во Пловдив за време на интернацијата на Јанаки (1916-1919) во овој град“, вели м-р Роберт Јанкуловски кој го истражува фотографското творештво на Манаки од 2000 година.

На 70. јубилеен конгрес на Меѓународната асоцијација на кинотеки и филмски архиви (ФИАФ) кој завчеравечер започна во МАНУ со симпозиум

Deutsche Welle
- Јанева очекува СЈО да продолжи со работа
- Прославени титулите во Минхен и Мадрид
- Северна Кореја: Секоја недела една ракета?

посветен на 100-годишнината од Првата светска војна, учествуваат делегати од 80 кинотеки и филмски архиви од целиот свет кои ги презентираат своите визии за унапредување на заштитата на аудиовизуелното наследство, ги лоцираат можностите за развој на стандардите на теорискиото, но и на практично ниво во работата на филмските архиви.

**Вечерва во кино „Милениум“**

Филмови за Првата светска војна од Холандија, Македонија, Англија, Австралија, Чешка

Во рамките на филмската програма на 70. Конгрес на ФИАФ, во киното „Милениум“ вечерва ќе бидат прикажани филмови за Првата светска војна од кинотеките на Холандија, Македонија, Англија, Австралија, Чешка.

Во 18,30 часот ќе почне филмот „Првата светска војна и источниот фронт“ од „ОКО“ - филмскиот институт од Амстердам. Во 20 часот ќе бидат прикажани дигитално реставрираните филмови на браќата Манаки, а од 21,30 часот филмовите „Животот на домашниот фронт во северозападна Англија“ од филмскиот архив „Норт Вест“ од Манчестер и Австралиска филмска програма на Националниот аудио-визуелен архив од Камбера. Во 23 часот ќе стартува прикажувањето на филмот „Добриот војник Швејк“ на Националниот филмски архив од Прага.

Статијата е прочитана 7349 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар





© 2006-2014 Утрински весник, сите права задржани